Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ПЕРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar më: | 16.04.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | 17-386/2 | | |

Сектор за бесплатна правна помош и политички систем

Бр.УП11-649 /2025
Скопје, 15.04.2025 година

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Државен завод за ревизија, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

## РЕШЕНИЕ

Донацијата во финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари на Црвен крст на РСМ дадена од Државен завод за ревизија, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на социо – хуманитарните дејности**.

Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Црвен крст на РСМ дадена од Државен завод за ревизија.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Државен завод за ревизија, претставуван од главен државен ревизор м-р Максим Ацевски, како давател и Црвен крст на РСМ, претставувано од Ген.секретар д-р Саит Саити, како примател чиј предмет на донирање се финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари, наменети како хуманитарна помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани .

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган- Министерство за социјална политика, демографија и млади, како основа за решавање по барањето.

Министерството за социјална политика, демографија и млади со мислење бр.10-2834/2 од 10.04.2025 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје - Shkup

Подготвил:Никола Бабановски, советник
Контролирал: Рилинда Мемети, раководител на одд.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828